РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ
QENDRA PËR MENAXHIM ME KRIZA
Бр. 04-1816/5
17-07-2026 год.
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основа на член 49 став 2 и 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Сл. весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19, 110/19 и 121/2024) и член 21 од Законот за работни односи ("Сл.весник на Р.М "бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09,130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12 , 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23), а во врска со објавениот Јавен оглас во дневните весници „Нова Македонија" и „Лајм", в.д. Директорот на Центарот за управување со кризи, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**за избор на кандидат по основ на вработување на определено време**

**Трајчо Стоименовски** врз основа на Јавен оглас број 03/2026 објавен на ден 10.07.2026 година во дневните весници „Нова Македонија" и „Лајм", се вработува во Центар за управување со кризи на работно место: Помлад соработник за регионални иницијативи и програми, во Одделение за билатерална и регионална соработка, во Сектор за меѓународна соработка.

По потпишување на Одлуката за извршен избор в.д. директорот на Центарот за управување со кризи ќе потпише Договор за вработување на определено време на именуваното лице во Центар за управување со кризи.

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

***Образложение***

По добивањето на согласност од Министерството за финансии за вработување на 44 извршители на определено време, Центарот за управување со кризи на ден 10.07.2026 година објави оглас за вработување на 1 (еден) извршител на определено време (до 31.12.2026 година). По разгледување на апликацијата на пријавениот кандидат за објавеното работно место по огласот за спроведување постапка за засновање на работен однос на определено време, Комисијата за водење на постапка за вработување на определено време направи увид и проверка на документацијата на кандитатот согласно општите услови предвидени во Законот за работни односи и посебните услови предвидени во Правилникот за систематизација на работни места на Центарот за управување со кризи и состави Записник од извршена селекција по јавен оглас на определено време број 03/2026, заверен со архивски број 08-1816/3 од 16.07.2026 година. Комисијата за водење на

постапка за вработување на определено време спроведе интервју на ден 17.07.2026 година со кандидатот кој ги исполнува предвидените услови.

Врз основа на доставениот Записник и спроведеното интервју од страна на Комисијата за водење на постапка за вработување на определено време, в.д. Директорот на Центарот за управување со кризи го избра кандидатот **Трајчо Стоименовски** на работно место: Помлад соработник за регионални иницијативи и програми, во Одделение за билатерална и регионална соработка, во Сектор за меѓународна соработка.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се поднесе жалба во рок од (8) осум дена, од денот на објавувањето на одлуката на веб страната на Центарот за управување со кризи, преку Центарот за управување со кризи до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

**В.Д. ДИРЕКТОР/U.D. DREJTOR**

**Muhamet Ali**

Доставено до:

- Именуваниот
- Персонално досие
- Архива